Република Македонија
Државна изборна комисија

# ЗАПИСНИК
## ОД 80 –ТАТА СЕДНИЦА НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

## ОДРЖАНА НА 26 МАРТ 2014 ГОДИНА

**ЗАПИСНИК**
**од осумдесеттата седница на Државната изборна комисија**

Осумдесеттата седница на Државната изборна комисија се одржа на ден 26 март 2014 година ( среда ) во седиштето на Државната изборна комисија во Скопје со почеток во 16:00 часот.

На седницата присуствуваа:

| | |
|---|---|
| **Никола Рилкоски -** | Претседател на Државната изборна комисија |
| **М-р Субхи Јакупи-** | Потпретседател на Државната изборна комисија |
| **Влатко Сајкоски -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Сашо Срцев -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Анета Стефаноска -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Виолета Дума-** | Член на Државната изборна комисија |
| **Бедредин Ибраими -** | Член на Државната изборна комисија |
| **Биљана Стојановска-** | Генерален секретар на Државната изборна комисија |
| **Расим Мустафа -** | Зам. Генерален секретар на Државната изборна комисија. |

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Државната изборна комисија Никола Рилкоски. Претседателот констатира дека е Комисијата во полн состав и дека може да работи и да одлучува полноважно.

За оваа седница беше предложен следниот

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

**1.Предлог Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9;**
**2. Разгледување на Барањата за акредитација на набљудувачи од Мисијата на ОБСЕ – дополнување, за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год. и предвремените Парламентарни избори на 27.04.2014 година и Граѓанската асоцијација – МОСТ за предвремените Парламентарни избори на 27.04.2014 година и**
**3.Разно**

Се отвори расправа по вака предложениот дневен ред.
Никој не побара збор и предложениот дневниот ред е ставен на гласање.
**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа “ ЗА “ усвојување на дневниот ред на 80 – тата Седница на ДИК.**

**Точка 1:**
**Предлог Решенија по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9;**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски му даде збор на Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи да даде образложение по оваа точка од дневниот ред.

Потпретседателот на ДИК, М-р Субхи Јакупи кажа дека има Преглед на одобрени решенија по поднесени пријави за гласање во ДКП, односно конзуларните канцеларии за оваа Седница на ДИК, а кои се од стручните служби обработени за 26.03.2014 год. Бројот на позитивните решенија е 947 и тоа се пријави кои се прифатени. Бројот на решенија за одбиени пријави е вкупно 24 од кои 7 решенија

за одбиени пријави поради тоа што лицата ги нема со звездичка и немаат приложено докази а 17 лица ги нема во Избирачкиот список. Во прегледот, на крајот има три лица на кои им биле одбиени пријавите поради тоа што не им биле комплетирани документите. Од како го добиле решението лицата ги комлетирале документите и сега е се во ред и три лица се допишуваат во бројот на позитивни решенија, а се минусираат во бројот на решенијата за одбиени пријави кој сега наместо 44 е 41. Се проверуваат сите одбиени пријави, се читаат лицата по име и презиме и основот по кој е одбиена пријавата. Утврдено е дека едно лице има комплетна документација и се прави корекција во бројот на решенијата за одбиени пријави, не е 7 туку 6. Ова ќе биде обработено од Службите и исправено за наредната Седница. По направената проверка, констатира дека Стручната служба добро утврдила дека одбиените лица не ги исполнуваат условите за прифаќање на пријавите, ДИК правилно постапува и овие пријави треба да бидат одбиени.

Расправата заврши и Предлог Решенијата по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9 се ставени на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Решенијата по поднесени пријави за гласање во странство од Изборните единици 7, 8 и 9.**

**Точка 2:**
**Разгледување на Барањата за акредитација на набљудувачи од Мисијата на ОБСЕ – дополнување, за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год. и предвремените Парламентарни избори на 27.04.2014 година и Граѓанската асоцијација – МОСТ за предвремените Парламентарни избори на 27.04.2014 година.**

Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски, објасни дека за овие акредитации имаме од службите дека се во ред барањата и дека е доставена потребната документација. Исполнети се условите за усвојување на овие барања за акредитација.

Никој друг не се јави за збор.Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски ги стави Барањата за акредитација на набљудувачи од Мисијата на ОБСЕ – дополнување, за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год. и предвремените Парламентарни избори на 27.04.2014 година и Граѓанската асоцијација – МОСТ за предвремените Парламентарни избори на 27.04.2014 година, на гласање.

**7 Членови на Државната изборна комисија се произнесоа " ЗА " усвојување на Барањата за акредитација на набљудувачи од Мисијата на ОБСЕ – дополнување, за изборите за Претседател на Република Македонија на 13.04.2014 год. и предвремените Парламентарни избори на 27.04.2014 година и Граѓанската асоцијација – МОСТ за предвремените Парламентарни избори на 27.04.2014 година.**

**Точка 3:**
**Разно**

По точката "Разно"Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски кажа дека има како текст " Известување за гласачите во странство " , потоа допис од НДИ кој треба да се разгледа и "Појаснување за примена на членот 108 став (4) од Изборниот законик " .

Бедредин Ибраими се јави за збор и кажа во врска со дописите:

- "Известување за гласачите во странство " текстот е добро подготвен и ДИК дава согласност да се стави на ВЕБ страната на ДИК;
- Во врска со допис од НДИ , треба да се даде поддршка, да се направи писмо и да се достави до НДИ;
- "Појаснување за примена на членот 108 став (4) од Изборниот законик " да се исправи годината, бидејќи сме 2014 год. се одобрува и да се стави на ВЕБ страната на ДИК.

Никој друг не се јави за збор.Претседателот на ДИК, Никола Рилкоски констатира дека дневниот ред е исцрпен и ја затвори осумдесеттата Седница на ДИК.

Составен дел на Записникот од оваа Седница е аудио снимката на Седницата.

**80-та седница на Државната изборна комисија заврши во 16:30 часот.**

**Број** 07 - 1205/2
28.03. **2014 година**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА,**
**Биљана Стојановска**

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Никола Рилкоски**

**Изготвил: Зорица Петровиќ**